**201101002392**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот совет на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2011 година.

Бр. 07 - 3115/1
18 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 60/06 и 150/10), во членот 6 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Министерот за правда како член на Советот учествува во работата на Советот без право на глас.”

Член 2

Во членот 8 став 2 зборовите: „вкупниот број членови“ се заменуваат со зборовите: „ членовите со право на глас,“.

Член 3

Во членот 32 ставови 4 и 5 по зборот „членови“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 4

Во членот 33 став 2 по зборовите: „членови на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 5

Во членот 35 по зборовите: „Членовите на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 6

Во членот 36 став 1 по зборовите: „Член на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Министерот за правда како член на Советот ги има истите права, обврски и одговорности, како и членовите со право на глас од ставот 1 на овој член, освен правото на одлучување од ставот 1 алинеја 1 и остварувањето увид во работата на судија по заклучок на Советот и преземање други дејствија од ставот 1 алинеја 4 на овој член.

Член 7

Во членовите 37 и 38 став 2 по зборот „членови“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 8

Во членот 42 став 1 по зборовите: „членовите на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Во ставот 2 по зборовите: „членови на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 9

Во членовите 44 став 1, 60 став 2, 73 став 2, 76 став 1, 84 став 2 и 95 став 1 по зборовите: „членови на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 10

Во членот 125 по зборовите: „членовите на Советот“ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 11

Во членовите 132 став 2, 133 и 135 став 5 по зборот „членови “ се додаваат зборовите: „со право на глас“.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.